**20200520917**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 21/18 и 64/18), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија” бр.149/07, 110/11, 117/14, 14/17, 49/17 и 203/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19), членот 165 се менува и гласи:

„Член 165

Во случај на сообраќајна незгода во која има загинати или повредени лица или е предизвикана поголема материјална штета, а возачот на моторното возило или друго превозно средство избегал од местото на сообраќајната незгода, полицискиот службеник може да примени уреди за присилно запирање на возилото, ако тоа не е можно да се стори на друг начин.

Уред за присилно запирање на возила е средство кое на безбеден начин овозможува контролирано запирање на возилото без да ја загрози безбедноста на возачот и патниците во истото.

Уред за присилно запирање на возила од страна на полициски службеник може да се употреби доколку возачот на возилото кон кое ќе биде употребен уредот за присилно запирање на возилото претходно бил предупреден од страна на полициски службеници за запирање на возилото со знак „СТОП“ даден со полициска палка или со давање на светлосни и звучни сигнали од брендирано полициско возило, при што истиот со своето дејство покажал намера за игнорирање на даденото предупредување.

При употреба на уред за присилно запирање на возила се внимава да не се загрози животот и личната сигурност и безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-22665/1
20 февруари 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Наќе Чулев,** с.р.